# „Протокол за ученици во ООУ„Аврам Писевски“ при реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година“

- Наставниот процес во училиштето започнува скалесто и тоа:
    - Учениците од I одд. започнуваат со настава во 8:00 часот
    - Учениците од II - V одд. започнуваат со настава во 9:00 часот
    - Учениците од VI – IX одд. започнуваат со настава во 8: 10 часот
- Училиштето за влез и излез на учениците ги става во функција сите влезови на училишната зграда со распоред за влез/излез со различно време на влегување и излегување на учениците за секое одделение и тоа:
    - Влез бр.1 - учениците од I$^{а}$, II$^{б}$, III$^{б}$, V$^{а}$, VII$^{а}$ и VIII$^{а}$
    - Влез бр.2 - учениците од II$^{а}$, III$^{а}$, VI$^{а}$ и VI$^{б}$
    - Влез бр.3 – учениците од IV$^{а}$ и IV$^{б}$
    - Влез бр.4 – учениците од VIII$^{б}$ и IX$^{а}$
    - Влез бр.5 – учениците од I$^{б}$
- На влезот од училиштето, во ходниците и училниците се поставени едукативно-информативни материјали, насоки за заштита на здравјето и безбедност во училиштето и средства за дезинфекција на обувки и раце.
- На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи ученикот да ги дезинфекцира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфекцира рацете со дезинфекционо средство.
- Учениците при влегување во училиште и време на престојот во училиште задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар и носат заштитна маска/покривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.
- На сите ученици им се мери телесна температура пред влезот на училиштето.
- Учениците со покачена телесна температура се изолираат во посебна просторија.

- Учениците со покачена телесна температура (над 37°) не смеат да го доаѓаат во училиште, туку да се јават на телефон на наставникот/одделенскиот раководител на паралелката.
- Учениците со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
- Се забрануваат поздравувања со физички контакт меѓу учениците.
- За време на наставата и одморите, со учениците задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца меѓу нив.
- Употребата на тоалетите се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца.
- Учениците во училишните простории се движат по обележана патека.
- Вработените од училиштето кои ќе бидат во улога на контролори ќе можат да помогнат на оние ученици кои имаат прашања и им е потребна поддршка да ги разберат мерките за нивна заштита.
- Учениците доаѓаат и одат сами на училиште, во придружба на родител/старател/ образовен/ личен асистент, со организиран или јавен превоз.
- Учениците носат оброк/храна од дома .
- Учениците оброкот го консумираат во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската/прекривката од лице во училница.
- Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
- Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории треба да биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на повеќе ученици од различни паралелки .
- Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
- Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД- 19, се известува епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје кој итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за проценка на степенот на ризик врз основа на контактите кои ги имале.